# Cabernet Sauvignon 2005 Barrique



Произведено од внимателно одбрано грозје Cabernet Sauvignon. Со длабока и темна црвена боја, ова воздржано и елегантно вино има созреан овошен  карактер. Виното е зреено во тек на  16 месеци во буриња од 225l од француски, американски, унгарски и  славонски даб, 30% нови и 70% еднаш употребени.  Мирисот открива  нежни ароми на црно шумско овошје, црна рибизла, тутун и печено кедрово  дрво. Вкусот е долг и елегантен и открива зрели слатки црни рибизли и суви сливи. Одличната структура и свежина ќе обезбедат развој и дополнителна комплексност со грижливо одлежување. За време на одлежувањето можно е  да се јави мал талог.

Уживајте во виното со специјалтите од месо, дивеч, со јаки сирења и разновидна зачинета храна. Се сервира на 16-18°C.
Препорачливо е виното да се декантира пред послужување.

Полнето: Април, 2007

НАГРАДИ:

- Gast 2007, Сплит, Шампион на црвени вина
- Vinoskop 2007, Скопје, Злато